Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Примено: 14.12.2017

| Орг. един | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 17284/1 | 0 | |

До
Фонд за здравствено осигурување на Македонија

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 02-9548/1
13.12.2017 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт: www.mtsp.gov.mk

**Предмет:** Известување во врска со ослободување од партиципација на воени инвалиди и корисници на семејна инвалиднина- ИТНО

14-12-2017

Почитувани,

Министерството за труд и социјална политика известува дека согласно член 54 и 55 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на семејствата на паднатите борци („Службен весник на Република Македонија" број 13/96 и 31/16) и член 10-а од Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народно ослободителната војна ("Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 57/91 и 13/96), утврдено е право на здравствена заштита и ослободување од учество за следните категории на корисници.

**Право на здравствена заштита имаат според овие закони имаат :**

1) Воените инвалиди – доколку немаат друг основ на осигурување
2) Корисници на семејна инвалиднина и корисници на семејна инвалиднина по основ на паднат борец - доколку немаат друг основ на осигурување
3) Корисници на материјално обебзбедување на учесници од НОБ.

**Ослободување од трошоците при користење на здравствена заштита остваруваат:**

1) Воените инвалиди –без оглед на основот на осигурување
2) Корисници на семејна инвакиднина по основ на паднат борец – без оглед на основот на осигурување

**Трошоците при користење на здравствената заштита ( партиципација), за сите здравствени услуги (примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита, освен лекови на рецепт, се на товар на Министерството за труд и социјална политика.**

[1] 03-17284/1 [2017]

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Министерството за труд и социјална политика- Управа за прашања на борците и воените инвалиди ги надоместува трошоците за учеството при користењето на здравствената заштита на здравствената организација која извршила здравствени услуги, по доставена комплетирана фактура.

За користење на правото на здравствена заштита и ослободување од трошоци при користење на здравствената заштита ( партиципација), Министерството за труд и социјална политика-Управата за прашања на борците и воените инвалиди издава **Уверение за корисниците на боречко инвалидска заштита кои се ослободени од учество, односно партиципација при користење на здравствената заштита.** Уверенијата се издаваат од Подрачните Единици на Управата за прашања на борците и воените инвалиди и се со трајна важност, односно се додека корисниците го користат правото на боречко инвалидска заштита.

Ве молиме ова известување да се достави до здравствените установи со цел непречено остварување на правата на корисниците.

Со почит,

Министер
Мила Царовска

Изготвил: Јелица Панговска
Контролирал: Даниела Божиноска
Одобрил/ Согласен : Ирена Ристеска